**У Г О Т У Р**

**Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам,**

**агенциско работење и трговија Скопје**

**ИНФОРМАЦИЈА**

**ЗА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА УГОТУР АД СКОПЈЕ**

**ЗА ПЕРИОД 01.01.-31.12.2018Г.**

Уготур АД во деловната 2018г. нема значителни промени во сметководствените политики и методи на ставките во финансиските извештаи споредено со ревидираните извештаи од 2017г.

Вкупните приходи од продажба остварени од 01.01.-31.12.2018г. изнесуваат 22.953 илјади денари споредено со оствренитe приходи во 2017г.бележат намалување за 3,48%. Финансиските приходи во 2018г. изнесуваат 96 илјади денари, истите бележат намалување за 58,44% во однос на 2017г.

Вкупните расходи во периодот 01.01.-31.12.2018г. изнесуваат 13.969 илјади денари споредено со истиот период од 2017г. бележат намалување за 37,28%. Во 2018г. нема учество на финансиски расходи.

Финансискиот резултат на Уготур АД Скопје кој е искажан во неревидираниот биланс на успех од 01.01.-31.12-2018г.изнесува 8.077 илјади денари добивка по оданочување, за истиот период од 2017г. друштвото покажа добивка по оданочување која изнесува 1.334 илјади денари.

Не е донесена одлука за исплата на дивиденда.

Уготур АД Скопје нема обврски по кредити.

Реализација на планот на Уготур АД Скопје за 2018г. е во рамките на планираните активности.

Уготур АД Скопје ќе превзема одредени активности за зголемување на обемот на работата преку стекнување на нови комитенти, зголемување на бројот на услуги и нивно постојано и квалитетно подобрување се со цел зголемување на приходите.

Трошоците на работењето континуирано да се следат и да се намалуваат преку рационално и домаќинско работење.

**УГОТУР АД СКОПЈЕ**